**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**02-Су.бр.59/19**
**26.07.2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 36 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ број 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) и Предлогот на Комисијата за селекција за вработување за работно место број 1 - Судски администратор, Категорија А, ниво А-2, под 07-Су.бр.669/19-13 од 25.07.2019 година, В.Д. Претседателот на Основен граѓански суд Скопје, на ден 26.07.2019 година, донесе:

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

За работното место број 1 - Судски администратор, Категорија А, ниво А-2 се избира кандидатот:

**- Христина Палчевска.**

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот граѓански суд Скопје, на ден 21.06.2019 година, објави јавен оглас број 2/2019 за вработување на еден (1) извршител на работно место Судски администратор, Категорија А, ниво А-2, во дневните весници „Нова Македонија“ и „Lajm“, како и на интернет страницата на судот.

По спроведената постапка за селекција за вработување за работно место број 1 - Судски администратор, Категорија А, ниво А-2, согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Службен весник на РМ“ број 236/18), Комисијата за селекција за вработување за работно место број 1 - Судски

администратор, Категорија А, ниво А-2 до В.Д. Претседателот на Основен граѓански суд Скопје достави Предлог на кандидат за вработување за работното место број 1 - Судски администратор, Категорија А, ниво А-2, заведен под 07-Су.бр.669/19-13 од 25.07.2019 година.

Согласно со означениот Предлог, за работното место број 1 - Судски администратор, Категорија А, ниво А-2, се предлага кандидатот Христина Палчевска.

Согласно со член 36 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избиран судски администратор, во рок од пет дена по добивањето на предлогот на кандидати за вработување, е должен да донесе одлука за избор.

Раководејќи се од примената на означената законска одредба, а имајќи го предвид Предлогот на кандидат за вработување за работно место број 1 - Судски администратор, Категорија А, ниво А-2, заведен под 07-Су.бр.669/19-13 од 25.07.2019 година, В.Д. Претседателот на Основен граѓански суд Скопје одлучи како во изреката.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**В.Д. ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ILIR SULEJMANI**

**Д.Н.:**
- Христина Палчевска
- судска управа
- на интернет страницата на судот
- на огласна табла на судот